РЕПУБЛИКАСЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISËSË VERIUT
ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS

ПЛОШТАД "МАЈКА ТЕРЕЗА" Б.Б., 6330 СТРУГА / SHESHI "NËNË TEREZA" P.N.,6330 STRUGË / Тел./Tel. +389 46 781 335, 781 223, 782 015, Факс/Faks 781 434
web: struga.gov.mk,
e-mail: kryetari@struga.gov.mk,
info@struga.gov.mk

Сектор: / Sektori:
Сектор за туризам, локален економски развој и меѓународна соработка / Sektori për turizëm, zhvillim ekonomik lokal dhe bashkëpunim ndërkombëtar
Одделение: / Njësia:
Одделение за туризам / Njësia për turizëm

Бр./Nr. _09-4579/4_

_06.11.**20**_26_
СТРУГА / STRUGË

Врз основа на Мерка 2, точка 2.4. од Програмата за општа туристичка пропаганда и за подобрување на условите за престој на туристите за 2026 година, донесена во Советот на Општина Струга бр.08-1410/9 од 13.03.2026 година и Правилникот за субвенционирање на физички лица за добивање лиценца за туристички водич, придружник и/или туристички водич на планина, за давање туристички услуги на територијата на Општина Струга за 2026 година, донесен од Советот на Општина Струга, под бр.08-6288/39 од 28.10.2026 година, Одделението за туризам на Општина Струга објавува

Bazuar në Masën 2, pika 2.4. të Programit për propagandë të përgjithshme turistike dhe për përmirësim të kushteve për qëndrim të turistëve në vitin 2026 të miratuar nga Këshilli i Komunës së Strugës nr.08-1410/9 me datë 13.03.2026 dhe Rregullores për subvencionimin e personave fizikë për marrje të licencës për ciceron dhe/ose shoqërues turistik dhe ciceron turistik në mal, për dhënien e shërbimeve turistike në territorin e Komunës së Strugës për 2026, të miratuar nga Këshilli i Komunës së Strugës, me nr.08-6288/39 të datës 28.10.2026, Njësia për turizëm e Komunës së Strugës shpall

ЈАВЕН ПОВИК
за субвенционирање на физички лица за добивање лиценца за туристички водич, придружник и/или туристички водич на планина, за давање туристички услуги на територијата на Општина Струга за 2026 год.

THIRRJE PUBLIKE
për subvencionimin e personave fizikë për marrje të licencës për ciceron dhe/ose shoqërues turistik dhe ciceron turistik në mal, për dhënien e shërbimeve turistike në territorin e Komunës së Strugës për 2026

1. Предмет на поддршка:
Заради промоција на Општина Струга како туристичка дестинација, со посебен акцент на развој на туристичките услуги и професионализација на дејноста туристички водичи, придружници и туристички водичи на планина, се предвидува доделување субвенции согласно Правилник, за 2026 година.

1. Lëndë e përkrahjes:
Për promovimin e Komunës së Strugës si destinacion turistik, me theks të veçantë në zhvillimin e shërbimeve turistike dhe profesionalizimin e veprimtarisë së ciceronëve turistikë, shoqëruesve dhe ciceronëve malorë, parashikohet dhënia e subvencioneve sipas Rregullores, për vitin 2026.

2. Право на учество:
Право на учество имаат сите физички лица кои сакаат да стекнат лиценца за туристички водич, придружник и/или туристички водич на планина, доколку ги исполнуваат услови од Правилникот за субвенционирање на физички лица за добивање лиценца за туристички водич, придружник и/или туристички водич на планина, за давање туристички услуги на територијата на Општина Струга за 2026 година.

2. E drejta e pjesëmarrjes:
Të drejtë pjesëmarrjeje kanë të gjithë personat fizikë që dëshirojnë të marrin licencë si ciceron turistik, shoqërues dhe/ose ciceron malor, nëse i plotësojnë kushtet e Rregullores për subvencionimin e personave fizikë për marrje të licencës për ciceron dhe/ose shoqërues turistik dhe ciceron turistik në mal, për dhënien e shërbimeve turistike në territorin e Komunës së Strugës për 2026

3. Намена на средствата:
Субвенциите имаат за цел да обезбедат финансиска поддршка на физички лица кои се стремат кон стекнување лиценца за туристички водич, придружник и/или туристички водич на планина, со што се поттикнува зголемување на квалитетот на туристичките услуги, унапредување на безбедноста на туристите и промоција на културното и природното наследство на Општина Струга.

3. Dedikimi i mjeteve:
Subvencionet kanë për qëllim të sigurojnë mbështetje financiare për personat fizikë që synojnë të marrin licencë si ciceron turistik, shoqërues dhe/ose ciceron malor, duke nxitur kështu rritjen e cilësisë së shërbimeve turistike, përmirësimin e sigurisë së turistëve dhe promovimin e trashëgimisë kulturore dhe natyrore të Komunës së Strugës.

Преку оваа мерка се создава основа за развој на професионален кадар во областа на туризмот, кој ќе придонесе за подобрување на имиџот и одржлив развој на туристичката понуда на Струга.
За таа цел, Одделението за туризам предвидува доделување субвенции.

4. Износ на средства за субвенционирање:
Средствата за субвенционирање се обезбедни во буџетот на Општина Струга за 2026 година, во Програмата Г2-Општа туристичка пропаганда и подобрување на условите за престој на туристите.
Износот на средствата кој ќе биде доделен на субјектите изнесува 200.000,00 денари, според Програма Г-2 (Туризам), конто 464990, а кои ќе се распределат пропорционално подеднакво според конечниот број на поднесени валидни барања за субвенционирање, за 2026 година.

5. Начин на аплицирање:
Физичките лица кои сакаат да стекнат лиценца за туристички водич, придружник и/или туристички водич на планина, за 2026 година, барањето заедно со потребната документација го доставуваат на шалтерот на општинската администрација на Општина Струга, секој работен ден од 08.00 часот до 16.00 часот.

6. Потребни документи за аплицирање:

- Барање (пополнет образец) за субвенционирање,
- Копија од лична карта на барателот,
- Копија од трансакциска сметка на барателот на субвенција,
- Доказ за државјанство на Република Северна Македонија,
- Доказ за завршено образование (диплома или свидетелство),
- Доказ за запишување во високообразовни институции за туризам и угостителство, заради полагање испит за добивање лиценца за туристички водич/придружник/водич на планина (доколку се запишале)
- Потврда за познавање на странски јазик,
- Потврда од Основен суд Струга дека лицето не е осудувано за кривични дела кои би влијаеле на вршењето на дејноста,
- Друга документација (потврда или референции за претходни активности во делот на водење туристички групи).

7. Краен рок за аплицирање:
Потребната документација се доставува на шалтерот на општинаската администрација најдоцна до **27 ноември 2026 година.**

НАПОМЕНА:
Доколку субјектите кои се наведени во точка 2 од овој јавен оглас, како барателиа на субвенција, во текот на 2026 година користеле средства по основ на други

Përmes kësaj mase krijohet bazë për zhvillimin e një kuadri profesional në fushën e turizmit, i cili do të kontribuojë në përmirësimin e imazhit dhe zhvillimin e qëndrueshëm të ofertës turistike të Strugës.
Për këtë qëllim, Njësia e Turizmit parashikon dhënien e subvencioneve.

4. Shuma e mjeteve për subvencionim:
Mjetet për subvencionim sigurohen nga buxheti i Komunës së Strugës për vitin 2026, në Programin G2 – Propaganda e përgjithshme turistike dhe përmirësimi i kushteve për qëndrimin e turistëve.
Shuma e mjeteve që do t'u ndahet subjekteve është 200.000,00 denarë, sipas Programit G2 (Turizëm), konto 464990, të cilat do të shpërndahen proporcionalisht dhe në mënyrë të barabartë sipas numrit përfundimtar të kërkesave të vlefshme të dorëzuara për subvencionim, për 2026.

5. Mënyra e aplikimit:
Personat fizikë që dëshirojnë të marrin licencë si ciceron turistik, shoqërues dhe/ose ciceron malor, për vitin 2026, kërkesën bashkë me dokumentacionin e nevojshëm e dorëzojnë në sportelin e administratës komunale të Komunës së Strugës, çdo ditë pune nga ora 08:00 deri në orën 16:00.

6. Dokumentet e nevojshme për aplikim:

- Kërkesë (formulari i plotësuar) për subvencionim,
- Kopje të letërnjoftimit të aplikuesit,
- Kopje të llogarisë transaksionale të aplikuesit për subvencion,
- Dëshmi për nënshtetësi të Republikës së Maqedonisë së Veriut
- Dëshmi për përfundimin e arsimit (diplomë ose dëftesë),
- Dëshmi për regjistrim në institucione të arsimit të lartë për turizëm dhe hotelieri, me qëllim dhënien e provimit për marrjen e licencës si ciceron/shoqërues/ciceron malor (nëse janë regjistruar),
- Vërtetim për njohuri të gjuhës së huaj,
- Vërtetim nga Gjykata Themelore Strugë që personi nuk është i dënuar për vepra penale që mund të ndikojnë në ushtrimin e veprimtarisë,
- Dokumentacion tjetër (vërtetime ose referenca për aktivitete të mëparshme në fushën e udhëheqjes së grupeve turistike).

7. Afati i fundit për aplikim:
Dokumentet e nevojshme dorëzohen te sporteli i administratës komunale më së voni deri në datë **27 nëntor 2026.**

SHËNIM:
Nëse subjektet e theksuara në pikën 2 të kësaj thirrjeje publike, si kërkues të subvencionit, gjatë vitit 2026 kanë shfrytëzuar mjete në bazë të thirrjeve apo procedurave

огласи или постапки, нема да им се одобри барањето за субвенционирање, односно ќе се одбијат.

Нецелосната документација или барања со документација доставени по истекот на рокот нема да бидат разгледувани и ќе се сметаат за невалидни.

За потврда на веродостојноста на податоците ќе се изврши проверка во Одделението за туризам, како и во Секторот за финансиски прашања на Општина Струга.

Посебна комисија формирана од Градоначалникот на Општина Струга ќе ги разгледува поднесените барања и ќе изготви листа на одобрени барања.

Секторот за финансиски прашања на Општина Струга, со посебни решенија ќе изврши исплата на средствата по овој јавен повик на сметките на барателите.

të tjera, nuk do tju miratohet kërkesa për subvenciont, gjegjësisht do tju refuzohet.

Dokumentacioni i paplotë ose kërkesat me dokumentacion të dorëzuar pas skadimit të afatit nuk do të shqyrtohen dhe do të konsiderohen të pavlefshme.

Për ta verifikuar vërtetësinë e të dhënave do të bëhet kontroll te Njësia për turizëm, si dhe te Sektori për çështje financiare të Komunës së Strugës.

Komision i veçantë i formuar nga Kryetari i Komunës së Strugës do t'i shqyrtojë kërkesat e parashtruara dhe do të përpilojë listë me kërkesa të miratuara.

Sektori për çështje financiare i Komunës së Strugës me aktvendime të posaçme do ta bëjë pagesën e mjeteve në llogaritë e kërkuesve sipas kësaj thirrjeje publike.